**Влада на Република Северна Македонија**

Скопје, 27 август 2024 година
Бр. 41-7779/ 3

До
Претседателот на Собранието
на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за железничкиот систем, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 27 август 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник Стефан Волкановски, државен советник во Министерството за транспорт.

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**

| | |
|---|---|
| Подготвил: | м-р Љубомир Кукоски, советник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | Игор Јанушев, генерален секретар на Владата |

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и

Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт

ПОВЕРЕНИК: Стефан Волкановски, државен советник во Министерството за транспорт

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување на Законот за железничкиот систем, по скратена постапка

Скопје, август 2024 година

ВОВЕД

I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Развојот на железничкиот сообраќај и железничката инфраструктура, организацијата на железничкиот систем, начин и услови за извршување на железничкиот превоз и видовите превоз, управувањето, организирањето, заштитата на железничката инфраструктура и пристапот до железничка инфраструктура, наплата за пристап за користење на железничката инфраструктура, доделувањето на инфраструктурните капацитети, објавата на мрежа, основањето на независно и самостојно регулаторно тело, доделувањето и видовите на концесија, финансирањето на железничката инфраструктура и услугите од јавен интерес во железничкиот превоз на патници се регулирани со Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 302/20 и 253/23).

Во текот на примената на Законот во изминатиот период се констатира дека одредени одредби од Законот се нецелосно и непрецизно регулирани, поради што се создаваат одредени проблеми и потешкотии во нивната целосна имплементација.

Од тие причини со измените на Законот предложени се решенија со кои одредени прашања се дорегулираат, со цел да се овозможи целосна и непречена имплементација на одредбите од Законот.

Имено, постојното законско решение содржи нејасни одредби во однос на изработката на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура во смисла на тоа дека истата ја донесува управителот на железничката инфраструктура и дека за реализација на истата, управителот на инфраструктура, преку Министерството за транспорт, доставува извештај за информирање до Владата на Република Северна Македонија во првиот квартал од тековната година за претходната година.

Со овој текст на измена на Законот за железничкиот систем, во членот 2 точка 38, и членовите 67-а став 3 и 97-б став 2, се врши усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), во однос на називот на Министерството за транспорт.

Исто така поради лошата финансиска состојба, како и драстичното намалување на превозот по стока се предлага да се избришат членовите 65-а и 67-а.

Со предлог текстот на Законот се предлага приватно домашно или странско правно лице да може да врши јавен железнички превоз на патници и стока согласно со одредбите од Законот по пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлогот на законот за изменување на Законот за железничкиот систем се заснова на истите начела на кој е донесен Законот за железничкиот систем.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предложените решенија во законот нема да предизвика финансиски имликации врз буџетот на Република Северна Македонија.

V. ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Со оглед на тоа дека не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага Собранието по Предлогот на закон за изменување на Законот за железничкиот систем да расправа по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ

Член 1

Во Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 , 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20 и 253/23), во член 2 во точката 38 зборовите „и врски“ се бршат.

Член 2

Во член 26 ставот (6) се менува и гласи:

„(6) Годишната програма од ставот (5) на овој член на предлог на управителот на инфраструктура ја донесува Владата на Република Северна Македонија.“

Во ставот (7) зборовите „од тековната година за претходната година“ се заменуваат со зборовите „ во наредната година“.

Член 3

Членот 65-а се брише.

Член 4

Членот 67-а се брише.

Член 5

Во член 97-а во ставот 3 зборовите „и врски“ се бршат.

Член 6

Во член 97-б во ставот 2 зборовите „и врски“ се бршат.

Член 7

Приватно домашно или странско правно лице може да врши јавен железнички превоз на патници и стока согласно со одредбите од овој закон по пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската унија.

Постапките за издавање на дозволи за вршење јавен железнички превоз на патници и стока и постапките за издавање сертификати за сигурност за вршење на јавен железнички превоз на патници и стока согласно со Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20 и 253/23), започнати пред влегувањето во сила на овој закон, ќе запрат со денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

Во Предлогот на закон за изменување на Законот за железничкиот систем со членот 1 се менува името на Министерството за транспорт во член 2 точка 38 од Законот, согласно со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/2024).

Со членот 2 од Предлогот на закон, се предлага во членот 26 ставовите (6) и (7) кои се однесуваат на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура, да се сменат со тоа што истата да ја донесува Владата на Република Северна Македонија на предлог на управителот на инфраструктура и за реализација на годишната програма управителот на инфраструктура, преку органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на железничкиот сообраќај и железничката инфраструктура, да доставува извештај за информирање до Владата на Република Северна Македонија во првиот квартал од наредната година.

Со членот 3 од Предлогот на закон, поради лошата финансиска состојба, како и драстичното намалување на превозот по стока, се предлага бришење на член 65-а од Законот во кој се пропишани одредби за правно или физичко лице кое врши превоз за сопствени потреби да има право на пристап до железничката инфраструктура и да може да врши превоз на железничката инфраструктура.

Со членот 4 од Предлогот на закон, поради лошата финансиска состојба, како и драстичното намалување на превозот по стока се предлага бришење на член 67-а од Законот во кој се пропишани одредби за висината на надоместокот за користење на железничката инфраструктура.

Со членот 5 од Предлогот на закон се менува името на Министерството за транспорт во член 97-а став 3 од Законот, согласно со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/2024).

Со членот 6 од Предлогот на закон се менува името на Министерството за транспорт во член 97-б став 2 од Законот, согласно со одредбите од Законот за изменување и дополнување на законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/2024).

Во членот 7 од Предлогот на закон се предвидува преодна одредба дека приватно домашно или странско правно лице може да врши јавен железнички превоз на патници и стока по пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската унија.

Исто така, се предвидува преодна одредба дека постапките за издавање на дозволи за вршење јавен железнички превоз на патници и стока, како и постапките за издавање сертификати за сигурност за вршење на јавен железнички превоз на патници и стока започнати пред влегувањето во сила на овој закон, ќе запрат со денот на влегувањето во сила на овој закон и дека издадените дозволи за вршење јавен железнички превоз на

патници и стока, и издадените  сертификати за сигурност за вршење на јавен железнички превоз на патници ќе престанат да важат со денот на влегувањето во сила на овој закон.

Со членот 8 од предлогот на закон, се пропишува влегувањето во сила на овој закон.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Во Предлогот на закон решенијата се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Во Законот за железничкиот систем со предложените одредби ќе се овозможи подобра реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура. Исто така, овие измени на Законот ќе придонесат за финансиско зајакнување на двете компании, ЖРСМ Транспорт АД-Скопје, како и ЈПЖРСМ Инфраструктура-Скопје, во смисла на подобрување на состојбата на железничката инфраструктура.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Дефиниции

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

38. "Орган за сигурност" е Управата за сигурност во железничкиот систем, како орган во состав на Министерството за транспорт и врски на која и се доверени задачите поврзани со сигурноста на железницата во согласност со закон за да се обезбеди унифициран сигурносен режим за специјализирани прекугранични инфраструктури;

2. Планирање, изградба, реконструкција, ремонт, одржување и заштита на железничка инфраструктура

Член 26

(1) Изградбата, реконструкцијата, ремонтот и одржувањето на постојаната или на нова железничка инфраструктура се утврдуваат со Национална програма за развој на железничка инфраструктура, која се донесува за период од пет години (во натамошниот текст: Националната програма).

(2) Националната програма од ставот (1) на овој член ја донесува Владата на Република Северна Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на железничкиот сообраќај и железничката инфраструктура по донесување на фискалната стратегија на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 октомври во тековната година.

(3) Со Националната програма се утврдуваат активностите, динамиката на реализација, како и висината и изворите на финансиските средства за изградба, реконструкција, ремонт и одржување на железничката инфраструктура.

(4) За реализација на Националната програма за секоја изминатa година органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на железничкиот сообраќај и железничката инфраструктура доставува Извештај до Владата на Република Северна Македонија, во кој особено треба да се даде преглед на степенот на реализација на активностите, средствата, можни импликации од камати за непотрошени средства, доколку се финансираат по пат на заеми од меѓународни финансиски институции, ризикот од неискористување грантови, доколку истите се веќе обезбедени и наменети за финансирање на изградба, реконструкција, ремонт и одржување на железничката инфраструктура.

(5) Врз основа на Националната програма, управителот на инфраструктура изготвува Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура, која мора да биде временски усогласена со роковите за изработка и донесување на Буџетот на Република Северна Македонија. На утврдувањето на висината на буџетското финансирање на Годишната програма, соодветно се применуваат прописите кои се однесуваат на изготвувањето на годишниот Буџет на Република Северна Македонија.

(6) На Годишната програма од ставот (5) на овој член согласност дава Владата на Република Северна Македонија на предлог на управителот на инфраструктура во соработка со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на железничкиот сообраќај и железничката инфраструктура.

(7) За реализација на Годишната програма од ставот (5) на овој член, управителот на инфраструктура, преку органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на железничкиот сообраќај и железничката инфраструктура, доставува

извештај за информирање до Владата на Република Северна Македонија во првиот квартал од тековната година за претходната година.

Член 65-а

(1) Правно или физичко лице кое врши превоз за сопствени потреби има право на пристап до железничката инфраструктура и може да врши превоз на железничката инфраструктура во согласност со добиената дозвола за вршење на превоз за сопствени потреби и сертификат за сигурност за вршење на превоз за сопствени потреби.

(2) Пристап до железничката инфраструктура на лицето од ставот (1) на овој член го одобрува управителот на инфраструктура на транспарентен и недискриминаторски начин.

(3) За пристап на железничката инфраструктура лицето од ставот (1) на овој член склучува договор со управителот на инфраструктура.

(4) Договорот за пристап на железничката инфраструктура се склучува 60 дена пред почетокот на важење на новиот возен ред, освен ако има слободни капацитети кога може да се склучи и во текот на важечкиот возен ред и мора да биде недискриминаторски и во согласност со одредбите од овој и друг закон.

(5) Со договорот за пристап на железничката инфраструктура од ставот (3) на овој член се уредуваат меѓусебните права и обврски меѓу лицето од ставот (1) на овој член и управителот на инфраструктура во однос на доделените инфраструктурни капацитети, висината на надоместокот за пристап и користење на железничката инфраструктура, времето на траењето на договорот и можностите за негово продолжување, како и други прашања во врска со сигурноста на превозот и заштитата на околината.

Член 67-а

(1) За користење на железничката инфраструктура за вршење на превоз за сопствени потреби и/или за маневрирање се плаќа надоместок. Висината на надоместокот ја утврдува управителот на инфраструктурата.

(2) Средствата од наплатата на надоместокот од ставот (1) на овој член се приход на управителот на инфраструктура.

(3) За одредување на висината на надоместокот за користење на железничката инфраструктура од ставот (1) на овој член, се применуваат критериумите утврдени во членот 8 став (2) од овој закон.

(4) Управителот на инфраструктурате е должен наплатата да биде во согласност со правилата утврдени во објавата на мрежа.

Член 97-а

(1) Патниците во железничкиот сообраќај имаат право да добијат информации пред патувањето, за време на патувањето и за минималните стандарди за квалитетот на услугите согласно со Законот за договорите за превоз во железничкиот сообраќај.

(2) На писмено барање на Агенцијата, заради вршење на контрола на квалитетот на дадените услуги на патниците при вршењето на превозот, железничките превозници без одлагање, а најдоцна во рок од десет работни дена доставуваат податоци до Агенцијата.

(3) Критериумите за квалитетот на услугите и методологијата за вршење на контрола над квалитетот на дадените услуги од ставот (1) на овој член, како и образецот за мониторинг и доставување на бараните податоци од страна на железничките превозници ги пропишува Агенцијата по птетходна согласност од Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за транспорт Македонски железници Транспорт АД - Скопје.

Контрола на квалитетот на услугите кои управителот на инфраструктурата им ги обезбедува на железничките превозници

Член 97-б

(1) На писмено барање на Агенцијата, заради вршење на контрола на квалитетот на дадените услуги од страна на управителот на инфраструктурата, управителот на инфраструктурата без одлагање, а најдоцна во рок од десет работни дена доставува податоци до Агенцијата.

(2) Критериумите за квалитетот на услугите кои управителот на инфраструктурата им ги обезбедува на железничките превозници и методологијата за вршење на контрола над квалитетот на дадените услуги, како и образецот за доставување на бараните податоци од страна на управителот на инфраструктурата ги пропишува Агенцијата по претходна согласност од Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за железничката инфраструктура Македонски железници - Скопје.